Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор за меѓународна правна соработка

**ДО:**

Бр. 14-2612/2

**ИНСТИТУТ ЗА ЕВРОПСКА ПОЛИТИКА - СКОПЈЕ**
**Ул. „Антоние Грубишиќ“ бр. 2/2, Скопје**

Скопје, 17-10-2024 год.

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: E pranuar: | 21.10.24 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број: Numër. | Прилог: Shtojcë: | Вредн. Vlerë |
| 40 | 9926/2 | | |

**ПРЕДМЕТ: Известување во врска со предлог иницијатива со наслов „Спроведување на препораките на ГРЕКО и на ЕУ за поефикасна борба против корупција“**

Почитувани,

Ве известуваме дека Министерството за правда ја разгледа Вашата иницијатива со горенаведениот наслов доставена до Генералниот секретаријат на Владата, во рамки на серијата на средби со граѓанскиот сектор „Дијалог меѓу Владата и граѓанскиот сектор“, и истата ја оценува за прифатлива.

Сепак, во функција на релевантноста на иницијативата, предлагаме истата да се прецизира, предвид следното:

1. Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција не е единственото јавно обвинителство кое постапува по предмети за случаи на корупција од висок профил, предвид листата на кривични дела од областа Корупција, како и предвид критериумите за определување на предметите за случите на корупција од висок профил. Со Законот за јавното обвинителство (Сл. весник, бр.42/20), член 32, утврдена е надлежноста на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, која опфаќа постапување во прв степен за таксативно наведените сериозни кривични дела, вклучително и за кривични дела извршени од организирана група од три или повеќе лица која постои одреден временски период и дејствува со цел да изврши едно или повеќе кривични дела за кои е предвидена казна затвор од најмалку четири години, како и за дела „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од членот 353 став (5). По донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик (Сл. весник, бр. 188/23), Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција предметите за случаи на злоупотреба на


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification

службената положба и овластување при вршење на јавни набавки или на штета на средствата од Буџетот ги отстапува на надлежност на друго основно јавно обвинителство согласно закон.

2. Со Патоказот за Владеење на правото, во делот *I. Реформа во правосудниот систем*, предвидени се мерки за обезбедување дека правната рамка е во согласност со европските стандарди и гарантира независност на судството и обвинителството, вклучувајќи и функционална и оперативна независност. Предвидено е и зајакнување на човечките ресурси и материјално-техничките услови во правосудниот сектор, во согласност со стратегиите за човечки ресурси, вклучувајќи и напредно планирање и спроведување. Во делот *II. Борба против корупцијата*, предвидена е мерка *Анализа на спроведувањето на препораките (од националните институции и меѓународните организации и институции - ЕК, ГРЕКО – Советот на Европа, УНОДЦ и ОЕЦД), вклучувајќи и за усогласување на антикорупциската правна и институционална рамка со новото антикорупциско право на ЕУ, како основа за развивање на план за активности.* Исто така, предвидени се следните мерки:

- Зголемување на човечките и техничките капацитети на Државната комисија за спречување на корупцијата;
- Зајакнување на капацитетите на органите со оперативни задачи вклучени во спречување на и борба против корупцијата;
- Обезбедување дополнителни ресурси за Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција и зајакнување на неговите капацитети, особено преку распределба на дополнителни специјализирани обвинители, финансиски експерти и дигитален форензички аналитичар;
- Зајакнување на капацитетите на истражните центри и единиците за спроведување на законот задолжени за истрага;
- Зајакнување на капацитетите истражните центри и вештините на јавните обвинители за спроведување финансиски истраги;
- Редовна задолжителна обука за сите органи за спроведување на законот, јавните обвинители и судиите, заради зголемување на вештините за преземање мерки на конфискација на имот и имотна корист.

Со оглед на тоа што спроведувањето независна проценка на независноста, непристрасноста и ефективноста во постапувањето на органите за спроведување на законот, органите на прогонот и судовите претставува исполнување на повисок стандард на антикорупциска политика и учество на граѓанското општество, особено ги поддржуваме


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

иницијативите и проектите кои граѓанските организации ги спроведуваат во таа насока.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

**МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА**
Игор Филков

Изготвил: Елена Димовска, раководител на одделение
Согласен: Тања Кикерекова, раководител на сектор

Доставено и до:
- Влада на Р.С. Македонија - Генерален секретаријат



ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification